наЈди зближни точки со Велико Српската? И едните и друзите немат интерес да се зближат помеѓусебе српскиот и македонскиот народи. Под такви услови Македонија станува загубена како колониална плјачка и за едните и за друзите. Во духот на таја мисла бугарските властодржци си велат, нека постојат великосрпските аспирации над Македонија, а пред страво от нив, ние полесно ке можеме да ја држиме во власт Македонија. А великосрпските плачкаши мислат обратно. Ако се здружи српскиот и македонскиот народ, тогаш веке нема да се може да плјачка ни единиот ни другиот. А ако остани Македонија времено под бугарската окупација, се има изглед таја да стани против неја, и така ние ке имаме изглед некогаш пак да ја освоиме.

Но какви и да биле сметките на едните и на друзите, фактите што зборуват за злочините на бугарскиот корпус према српскиот народ си останува факти и неможи да се избришат со никакви цинични изјави. Напротив тие гебелсовски изјави, само појасно покажуват, колку се овија фашиски гадови замацани во гнасните злочини.

Друго, и ден денеска Хитлер се уште располага со бугарските војни бази и со економските извори на Бугарија нужни за водене на војната против Советскиот Сојуз.

И трето, владата на Багрјанов продолжува да води внатрешната политика исто како на друзите фашиски влади, што се гледа во прогонувајне на оние, што ги изразуват народните интереси, и што се борат за да се раскини сојузот со Хитлера и да се изгонат германците от Бугарија.

Така, владата на Багрјанов се покажа како влада што само на збор сака да раскини со Хитлера, а на дело продолжува да му помага во секој поглед. Јасно, дека таја шпекулира со истата Гебелсова „спасоносна" мисла за некој си противуречности помеѓу Сојузните народи.

Ако се земат сите горни чиненици во сметка, ке се дојди неминовно до мислата, дека оваја влада не се разликува во



Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски" - Скопје

ништо от досегашните фашиски влади во Софија. Вистича во својата основа разлика нема. Во денешнава политичка и вој на ситуација, политиката на „полен неутралитет" оди само да и помогни на Германија, да овозможи да се кријат германските орди низ Бугарија пред ударите на Црвената армија. Нешто повеке денешнава влада, како што видеме, и отворено ги помага германците. А за да излези от војната нужно е да се нареди активно на страна от Сојузените народи, како што стори Романија.

Додека досегашните влади беја со ориентација на „крајна победа" на Хитлера, владата на Багрјанов не се води от таквaја ориентација, ами јасно гледа дека крајната победа е на страна на Сојузените Народи. От таја перспектива новата влада оди да излези от сојузот со Германија, ама едновремено со пазарлак да сачува две работи:

Прво, да ја спаси от отговорност фашиската клика на чело со регентите, за незините злочини и да спречи да ја земат власта вистинските народни представители от Отечествениот фронт. Само така можат да се тумачат пасусите от говорот на Багрјанова во кои се апелира, да не се барат кривци за миналото и да се растурат сите нелегални организации (партизаните), оти народната волја ке ја спроведува организираната држава. Ем колку да беше провидна играта маневра на Багрјанов, за да го придобие народот на своја страна и да го онеспособи партизаните и Отечествениот фронт, за борба против својата прогерманска политика, пак се најдоа лугје и от средината на Отечествениот фронт што се ватија на ова фашиска јадица. Јасно е оти по тој пат Бугарија нема и не можи да излезе на чистина, ами уште повеке ке се заглиби во калта.

Второ, да ја спаси и сачува за бугарските завојувачи Македонија, или барем дел от нејa. Таја задача произлегува от фактот што во неговиот кабинет се најде еден одрод македонец, застапник на идејата за Македонија како бугарска



Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски"- Скопје

земја, — А. Станишев. Таја задача, колку да ја прекуте са-миот Багрјанов, мошне отворено и категорички ја изнесе П. Драганов, како нешто от кое Бугарија во никој случај не можи да се одречи. Јасно е оти и по тоја пат Бугарија нема и не можи да излези на чистина.

Денеска, кога македонскиот народ си створи своја федерална држава, во демократска и федеративна Југославија, кога тој јасно и недвосмислено покажа оти неговата садбина е сврзана со таја на Југославјанските народи, и това преку своето ауторитативно и суверено АСНОМ, денеска кога за тие одлуки стои и цела Југославија и сојузническите народи, такви планови на софиските освојачи са однапред осудени на пропаст. Не можи да се мисли оти и тие сами не го сознават мошне јасно озај факт, да во никој случај Македонија не можи да остани во границите на Бугарија.

Во тој случај тие ке се опитат со една друга варијанта, ако им остани време за такви опити и ако не бидат пометени от собитијата. А таја варијанта е стара, што ја употребувале сеедном бугарските властодржци, кога мислеле оти немат снаги да ја присвојат за себе Македонија. Во такви моменти тие прибегнувал до паролата „автономна Македовија" со ниет во првата погодна случка да си ја присоединат, како по што стана некогаш со Румелија. И денеска има знаци, по размрдувањето на разни „автономисти", В. Михајлов и друзи, да се опитат и сторат нешто слично во случај да капитулацијата стане неизбежна. Но и овие планови сигурно ке бидат разбиени.

Ете тие са причините за оклевањето на новата влада — Багрјанов. Но таја нема време много да оклева. Али во најскоро време има да прими безусловна капитулација, и неодложно да го повлече корпусот от Југославија и Грција, да ги истера Германците и да заведи демократски режим во самата Бугарија, по патот на Романија. Таја има да се откажи не само от Македонија заземена от незините војски 1941 г. но и от



Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски" Скопје

онаI дел што се наIдува под незина окупациIа уште от време, под нибно ропство. Ако не е способна, како што се гледа, таа да го стори това нешто, тогаI ке биди пометена от самиот народ и ке биди заменена со друга влада,

От редовите на Отечествениот фронт во БугариIа, можи да излези вистинска народна влада, што вистински и на дело ке ги реши надворешните и внатрешни политички проблеми за спас на БугариIа от катастрофата. ТаIа ке биди способна да ги предаде на суд сите отговорни досегашни управници за нивните злочини. Само от тие редови можи да излези влада способна да се откажи от завоIувачките планови према МакедониIа и да успостави братски односи со соседните народи.

Но не успеI ли бугарскиот народ во наIскоро време да ги реши овие пробеми, тогаш нашата Iугословенска воIска, заедно со соIузничките, ке биди присилена сама да оди за да си Iа ослободи своIата земIа, таIа сама ке оди да ги наIде кривците за злочините извршени во Србија и МакедониIа, па макар каде Iа се скриени низ Бугарија.

Бугарскиот народ нема многу време за чекаIне ако сака да се спаси.

*Димо Бојановски — Дизе*



Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)

# Ордан Николов

Нашиот народ има две убави думи со кои ги наречува најдобрите особини што требе да ги има човекот, а са безусловно необходими за народен борец. За работливите, истрајаните на работа вика: кртици. За тврдите, преданите и смелите вика: кремен. Ордан Николов беше и вреден, работлив като кртица и предан, тврд като кремен. Како таков ке остани во нашите спомени, како таков ке ги учи помладите како се служи на народот.

Ордан Николов от рано ги беше познал сите тешкотии на сиромашниот живот. Син на работници, одма по свршеното основно училиште почна да работи шивач и на таја работа остана цели 16 години.

Во ниска, мемлива кукја, со две многу мали, ниски собички, живееше целата фамилија от осум члена. Ордан беше мал, дури незабележив, со мали, умни очи. Кога говореше имаше израз да длабоко мисли. На прв поглед неговата фигура можеше малку да разочара. Но, ако по одблиску се познаваш, работиш и делиш лошо и арно со него, тогај во него би открил голема душа, срце полно со љубав за делото на својот народ.

Неговиот вистински живот настануе во времето кога македонската работна класа се оспособуеше организационо и политички за раководната улога народно - ослободитлениот покрет на македонскиот народ. Во работата, која предстоеше на младата македонска работна класа, една од најосновните и најотговорните задачи се падна на Ордан: чистене на работнички



Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски"- Скопје

синдикати от социјал-демократите по типот на Белич и Топалович, кои беја заседнали во синдикатите и ја саботирааја борбата на работниците за поарен живот. Требеше таја банда да се истера от синдикатите за да станат они вистински масови организации на македонските работници. Беше трудно да са сврши таја отговорна задача - во Скопие имаше малку свесни работници, а многу социал-демократи „умници". Ордан даде несебично се от себе. Денонощно трчеше по фабриките и работничките предградија а навечер остануваше во синдикат да ги учи работниците на борба. И во скоро време почнаја штрајкови, кои се подигнаја и пренесуеа от една фабрика до друга. Работниците отпочнаја војна против бесомучната експлоатација и безправието. По скопските улици, по фабриките се носеа повици: хлеб и работа. Секоја вечер раобтниците се збираја во синдикатот на конференци, на кои Ордан говореше братски и блиско, го дигаше борбениот дух на работниците.

Но врагот бргу го зеде. Во август 1940 година тој беше уапсен от тогашната велико-српска реакционарна полиција., Ордан знаеше многу, ама ништо не издаде. Полицејската инквизиција не можеше да го сломи духот на големиот борец за слободата и правата на класата, чиј син беше тој.

Ордан беше осуден на две години строг затвор.

Комунистичката партија на Југославија, чиј верен член беше Ордан, го избра во неговото отсуствие за член на ПК за Македонија а на V Земна партиска конференција за кандидат за ЦЕНТРАЛНИОТ КОМИТЕТ НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА ЈУГОСЛАВИЈА. Тоа беше голема признателност кон еден бестрашен борец на работничката класа и целиот македонски народ.

—:—

Дојде и 1941 година, преломна за народите на Југославија. Народите на Југославија беја срамно издадени от своите управници, се распадна трулиот државен апарат. Само Митровица, чувана от фашиски жандари, остана како порано темница на најарните синове на народите на Југославија.



Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски" - Скопје

Свесни да се повеке от секогаш потребни надвор, да помогнат борбата на востаналиот народ, политичките затворници во Митровица, а мегју нив и Ордан, обмислују̀ат бегане. Копат канал под зем|а, работе|ки дење и ноќе. След 15 ноќи каналот е готов - он е долг 16 метра. На 22 Јули 1941 година 32 затворника и мегју нив Ордан избегуват, дочекани надвор од своите другари. Отидуват во Фрушка Гора, да со пушка во рака како партизани уште еднаш |а докажат својата лјубов кон својот народ.

Ордан требе да се врати во Македонија. На него му е свеедно каде ке се бори против општиот враг — фашизамот. Но, сепак, со голема радост трга за Македонија и брза што побргу да стигне.

На 2 јануари 1942 година то| оди веке кон Македонија, заедно со еден курир от Врање. Требе да се мине новата граница. Времето е лошо, снег, мекава, на 3 метра ништо не се разпознава. Снегот е непри|ател — то| ги покрива патиштата а ги открива стапалките. Но Ордан врви, брза, сака да стигни што побргу до Македонија.

На 4 јануари пред пладне по силна мекава пред Ордан и неговиот другар се испречува бугарски пограничен караул. На пет метра от нив во|никот стрела. Единиот куршум се забива во јуначките гради на Ордан Николов. Пред прагот на Македонија то| загинува.

Брзо се разнесе страшната новина — Ордан е убиен. Како со нож ги пресече срцата на тие што го познавала, страшен револт се надигна за освета во душите на сите другари, со кои то| работеше.

— : —

Името на Ордан Николов ке остане нераздво|но врзано со на|садбосносните денови во разво|от на работничкиот покрет во Македонија, со на|одлучните денови во изградуенето на КП во Македонија. Работата ко|а Ордан Николов уште тога| ја узида во темелите, на ко| се подигна и денешниот наро-



Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски"- Скопје

дно-ослободителен покрет, ке остане како најсветел пример на безогледна, предаена работа за својот народ и Партија.

Со тоа името на Ордан Николов останува неразделно сврзано со денешната борба на македонскиот народ и како такво вечно ке живее во неговото срце.

*Перо Ѓиквср*



Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“

# От Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија

## Поглавни борби и акции во јули и август

### *I Бригада.*

19 јули — Засада от бригадата на друмот Дебар - Струга е уништила 2 германски камиона, а 2 онеспособила. Убиено има 21 германски воjник.

1 август — Во зората, заедно со 1. албанска бригада нападнаха на Дебар. Градот е прочистен и касарната блокирана. Дебар е држан от 1 до 3 август. Непријателот има около 110 мртви и ранени и 3 заробени. Снаги от 1. бригада коjи служеха за затваране на правците за Дебар и обезбедуене на снагите кои се бореха во градот, разрушиха јa телефонската линиjа, мостови и прекопаха ги друмовите. Единиците на Косовската бригада го штитеха грбот на 1 бригада, уништиха 1 танк, 6 камиона и убиха 70 германци.

15 август — Германската офанзива со јаки снаги. Во много тешки борби непријателот има мртви и ранени 77 воjници и офицери и 30 коња убиени.

28 — 30 август--Уништена е пругата Струга - Кичево на должина 3 км. Уништени са мостови каде с. Мешеиште, Песочане, Ботум. Мелничане и Магорче.. На сите правци во Дебарца рушена е телефонска веза на должина 20 км. На друмот Струга - Дебар и Струга-Кичево саобраќаот бе прекинат. Населението ги подпомага акциите учествуваjки со 1000 души.



Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)

Очистени са железнички станици Сливово, Пресека и Ботум. Убиено е 8 и заробено 3 германци. Запленето: 3 тешки и 4 леки митролјези, 30 пушки, 40.000 куршуми, 4 шмајзера, 1 минофргач со 500 мини, 1 мотоцикал, многo облекло, храна и санитарен материал.

На друмот Дебар-Кичево е разбиена германска колона. Во плен са паднале 3 коња и доста оражје.

Крушевскиот одред при 1. бригада разоражи еден граничен участок. Запленени са 1 шмајзер и 98 пушки.

## *II Бригада*

7 јули — Во с. Дреново, Кавадарско, води се целиот ден борба со бугарската војска во снага околу 500 војници. Непријателот употреби тешко оражје и авијација. Нанесени губитци на непријателот: мртви: 1 подпоручник, 1 германски офицер, 1 германски подофицер, 1 бугарски полицејски началник, 60 бугарски војници, многу ранени и уништен 1 мотоцикал. Наши ранени и убити нема. Запленено е: 2 шмајзера и 1 пушка.

8 јули — Во с. Драдња преку цел ден се води борба со бугарска војска. Непријателот употреби аероплани. При непријателот има доста убити и ранети. Свалени са два аероплани. Наши губитци: 1 мртав, 2 леко ранети.

8—9 јули — 1. баталјон нападна на непријателот при с. Дреново. Нанесени са му доста губутци. Пленен е 1 војник. Губитци во баталјона: 1 мртав.

9 јули — 1. баталјон на друмот Прилеп-Кавадар сруши 90 бандери и искина телефонската линија на должина 5 км.

Запален е еден мост на должина 14 м. Саобраќајот по друмот е бил прекратен за 20 дена.

11 јули — Истиот баталјон води борба со бугарска војска кон с. Смиловци-Прилепско. Непријателот е разбиен и натеран во бегство.

15 јули — Истиот баталіон нападна на рудникот при с. Дреновци, Прилепско. Сите згради са запалени, машини уништени и запленени 3 пушки.

17 јули — Истиот баталіон води тешка борба со бугарска воіска, полиціја и контраши при с. Оморани, Прилепско. Неприіателот остави 20 мртви и доста ранени. Баталіонот нема мртви и ранети.

20 іули — 3. баталіон содеіствуваше со грчките партизани во нападот на Воден. Истиот нападаше на касарните й задатакот го наполно изврши.

24 іули — 4. баталіон нападна на Кралевото имание при Демир-Капиіа. Има убити 15 воіници, запленени 7 пушки, муниција, храна и друг воінички материіал.

29 Іули. Истиот баталіон на железничката гара Клисура, по линиіата Скопие - Гевгелија уби 20 воіници на неприіателот, а едновремено разруши телефонската линија на должина 4 км.

10 август, 1 баталіон уништи бугарски пост дри с. Конопиште, Кавадарско. Побиено е 6 воіници и запленен 1 пушкомитролез и 4 пушки.

10 август, 2 и 3 баталіони водеха тешка борба при с. Крнево, Кавадарско преку цел ден. Баталіоните го овладеіа селото. Убиени са 17 воіници, запленени 4 и доста комора.

2 август — Нападнат е неприіателот на утврдените позиции над с. Крнево, Кавадарско. Убиени са 20 воіници и заробени 2.

4 август — Разбиена е една неприіателска колона. Заробен е 1 офицер и 35 воіници на неприіателот, 8 коніа, 19 пушки и 6 коли воінички материал.

## *III Бригада*

Во време от 10—15 іули бригадата успе распрснатите Дражичевци да ги уништи. Запленени са 20 от истите.

На 16 Іули — бригадата водеше борба со големи неприіателски сили — воіска и полиціја — при с. Виліача. Бато-



Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје

селце и Бугарине. На неприіателот му беіа нанесени големи губитци.

На 17 іули — бригадата водеше борба при с. Свиниште. На неприіателот са нанесени губитци. Запленен е еден подофицер.

На 24 іули — бригадата со своите единици нападна на Страцин и Младо Нагоричане. Уништени са мостовите на Воіник и Петрашница. Ликвидирана е Клечевската централна општина. При Нагоричане неприіателот има около 40 убити и исто толко ранени полицаи. При Страцин неприіателот бе протеран от рововите и имаше около 30 убити и повеке ранени. Во исто време една заседа од бригадата према Страцин дочека два германски камиона и ги запали. Заробени са еден германски воіник и еден бугарски, а некоі убити во бегство. Плен от овие акции са: 3 минофргачи со доста мини, 2 тешки митраліеза, 3 пушкомитраліеза, 1 кон, 1 гитара, 1 фотоапарат, 2 машини за писување, 2 радио апарати, 200 кгр. орис, 4 канти мас, 20 іаганци и 100 іаіца.

На 3 август. бригадата со Косовскиот баталіон нападна на железничка станица Ристовац. Станицата беше овладеіана. Сите построіки беіа уништени заедно со депото. Запалени са 3 композиции от 90 вагони, уништено 6 локомотиви. Некои от вагоните беіа натоварени со авионски мотори, а останалите со автомобили. Неприіателот има доста убити и ранени.

На 9 автуст, бригадата сруши мостот при Петрашница, на друмот Куманово—Крива Паланка. На Веліа Глава беіа разбити 20 души полицаи и контраши.

На 12 август, бригадата нападна на железничката станицата Табановац.

На 14 август, бригадата разруши железничката линиіа и пропустите на должина от 10—15 км.

На 23 август, бригадата со Косовскиот баталіон нападна на рудникот Лоіане. Порушена е централата и други построіки. Разрушени са и два бункера.



Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)

Мобилизирани са 20 работника. Неприlателот има доста убитй и ранени.

На 29 август — бригадата ослободи от Скопскиот затвор при с. Идризово 280 политички затворници и 50 криминални. Заробена е управата на затворот, охраната разбиена заедно со пристигнатото и поlакнуваjне. Во околиjата на Катланово е разтурена неприlателскатa власт и организувана народна. Во плен паднаlа 90 пушки и друга спрема.

На 30 август — бригадата со VIII Прешевска, разбиха еден бугарски артелериски дивизион. Пленени беjа 3 топа, разрушена линиjата Скопие—Зелениково и мостот на Кадина река при Зелениково.

## IV. Бригада

3 август — нападнала е и lа завзела железничка станица Буjановац. Сите построjки заедно со станицата са уништени. Уништена е една композициjа от 30 вагона со стока и една локомотива. Има избити и ранени от непријателската воlска.

Земено е Берово и Виница. Ликвидирани са општините: Митрашинци, Благец, Зриновци и Радањa.

## V. Бригада

22 август - со еден баталlон, на друмот Прилеп—Кавадарци во Дреновската кл сура запали 7 германски камиона и една лека кола. Взети са во плен: 250 000 лева, 750 кгр. гјон, 250 чифта облекло и 16 хавелока.

Истиот баталlон на 23 август. дочека 12 германски камиона и еден тенк на патот Прилеп — Кавадарци Примора ги да се врнат во Прилеп. Запалени беlа: 3 камиона и убиени 12 германски воlници. Пленени беlа: 1 автоматичен топ, 8 пушки, 5 револвера, 60 бомби, 4.000 куршуми и 1 мотоцикал со приколица.



Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје

## *VII. Бригада*

Во Морихово ликвидира 10 бугарски војнички поста. Убиени 30 бугарски војници и запленет еден тежок митралјез и друг материјал. Морихово е разчистено от непријателска војска.

## *VIII Бригада*

24 август — Нападна на гарнизонот во Бујановац. Непријателот има доста губитци. Уништена е железничка станица на должина 5 клм.

## *XI Бригада*

Таја изврши нападение на железничка станица Табановце. Уништени са сите постројки и скретници. Непријателот не сачека но избега Во близина на станицата е уништена и линијата.

31 август — Нападна на железничка станица Глишич (Симитчиево). Уништени са сите постројки и една локомотива со 3 вагона. Во плен са взети оражје и друга спрема.

## *41. Дивизија (II, IX и X бvигади)*

26 август — телефонската линија Демир-Капија — Мрежичко искидана на неколку километра,

28 август — на друмот Прилеп — Кавадарци са уништени 11 германски камиона и убиени 17 германски војници. Заробени са 12 германски војници. Взето е во плен: 1 мотоцикал, 1 противотенковска автоматична пушка и разни материјали.

29 август — На друмот Прилеп — Градско е разбиена механизирана германска колона. Уништени са :4 тенка, 2 борни коли, много камиони, мотоциклети. Убиени са преку 60 германци, пленени 10. Друго взето во плен е: 1 топ, 2 борни коли, 3 радиостаници и 2 коли полни со ратни материали.



Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)

29 август — На друмот Прилеп — Велес са уништени 2 германски камиона. Заробени са 3 германски офицера.

Уништен е воjнички участок во с. Извор, заробени 10 воjника и 20 контраши, а 25 бугарски воjници са доброволно пришле.

30 август — Цел ден борби со две германски колони, една по друмот Прилеп—Велес, друга по друмот Прилеп—Кавадарци.

Мостот на река Црна — на друмот Прилеп—Кавадарци е разрушен. Саобраќаjот е прекратен.

---



Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)

# У б и ј!

Ето делчина от преписка, наІдени при убиени Германци. Управителот на Рејнгард пише на леІтенент Ото Фон Ширах:

„Французите ни ги зедоа за фабриката. Јас отбраф шес Руси от Минската област. Тие са по издржливи от Французите. Само еден от нив умре, останалите продолжават да работат по полето и на чифликот. Нивното содржание за ништо не чини, и ние нема за ништо да страдаме за това, што тие зверови, чиите деца, може би, убиват нашите воІници, јадат немскиот хлеб. Вчера потфрлиф на лесна екзекуција двоица руски зверови, кои тајно излапали млекото, оставено за маторицата...“

Матеас Цимлих пишува на брат си, ефреІтор Хенрих:

„Во Лејден има логор за Руси, там можиш да ги видиш. От оражіето тие не се плашат, но ние со нив се расправІаме со камшик во раце..“

Некој си Ото Есман пиши на леІтенент ВеІгант:

„КаІ нас тува има руски заробленици. Тие типови лапат дождовни црвІа, кои ги наІдуват по летиштето, тие се фрлат по помијата. Ја сум видел како тие јадат извалка на трева. И помисли си, оти тие

Господарите, тие сакат да го превртат нашиот народ во робје. Тие ги повлекуват Русите на запад, изтезават ги, доведуват ги до безумие от глад, до тамо да умирајки лугјето Іадат трева и црвІа, а гнасниот Немец со цигара во уста филозофира:

„Што, това лугІе ли са?“

Ние се знаем. Ние се паметуваме. Ние разбрафме: Немците - не са лугје. От сега натака думата „Немец“ го запалува



Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)

оражіето. Да не збориме. Нема да се буниме. Ке убиваме. Ако ти не си убил во денот макар еден Немец, твоіот ден е пропаднал. Ако ти помислиш, оти зарад тебе Немецот ке го убие твојот комшија, ти не си ја разбрал угрозата. Ако ти не го убиеш Немецот, тој тебе ке те убие. Тој ке ги земе твоите најблиски и ке ги мачи во неговата окајана Германија. Ако ти не го убиеш Немецот со куршум, убиі го со штикот. Ако на твоіот дел по фронтот има затишје, ако го ти чекаш бојот, убиј го Немецот пред бојот. Ако ти го оставиш Немецот да живее, тоі ке го обеси Рускиот човек и ке посрами руската жена. Ако си ти убил еден Немец, убиі и друг, — нема за нас повесело нешто от немските лешеви.

Не ги сметај деновите! Не ги есапи километрите! Сметаі едно: Убиените от тебе Немци. Убиј го Немецот, — За това те моли старицата маіка. Убиј го Немецот! За това те молјат децата. Убиі го Немецот! — За това вика родната земја. Не промашуваі. Не пропуштај. Убиі!

*Илја Еренбург.*

# Тригодишните резултати на татковнинскиот рат во СССР

Три години советскиот народ води неустрашимо татковински рат против безочни отимачи. Нашите народи, от првите денови на ратот, станаја единодушно во отбрана на својата татковина. Црвената армија во тешките и крвави борби на фронтот от три хиљади километра држеше многомилионска, германска фашиска војска, која беше со најнова ратна техника вооружена и причинуваше на истата големи загуби во луѓе и оражениja. Фашиската војна машина, што беше поминала со огин и нож низ градове и села на десетина европски земји, застана во борбите против нашата војска. Оше во првата година на војната, Црвената армија ги би Германците до нозе пред Москва, и на тој начин ги разби непријателските елитни ударни трупи. За последната година и пол дена, от времето кога беха разбиени германо-фашиските трупи при Сталинград, непријателот не можеже повеќе да се подигни. Советските трупи развија офанзива на целиот фронт и ги скршија мошните германски отбранбени системи при Сталинград, Орел, Смоленск, Ленинград, на реката Миус, на Днепар, кај Перекоп, Севастопол, на Карелијската превлака и на реката Свир, а после преминаја преку големите водени препреки – Дон, Северен Донец, Десна, Волхов, Днепар, Јужен Буг, Днестар, Прут, Серет, Нарва и Свир и на тој начин покажаја да никакви препреки ни укрепленија, за кои така многу брбореа Хитлеровците, не могат да ги задржат разрушенијата што идеја от искусните и прекалените трупи.



Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)

Со вештата стратегија, добро замислената и одлучната тактика на советските генерали и офицери, со јунаштвото и војното мајсторство на своите ратници, најпосле со својата мошна војна техника, Црвената армија му зададе ред от сериозни поражениіа на поединените елитни германски, италијански, румански, маджарски и филандски армии. Големите победи на нашите трупи пред Москва, Сталинград и на Кавказ, при Орел и Смоленск, кај Ленинград и Донбас, на Днепар и на Крим, во Украина, на Днестар и на Карелијска превлака ке влезат за вечни времена во историјата.

Во течение на офанзивните боеви советските трупи ослободија около милион и пол квадратни километра територија што ја окопирал непријателот, напреднаја на запад скоро две хилјади километра, излегоја во голема фронтална широчина на нашите граници и влегоја во румунска област. Победите на Црвената армија ослободија милиони советски луѓе от фашиското робство. Нашите трупи зедоја от Германците изворите со индустриските суровини и животни намирници во областите што ги беја окупирали, а „животниот простор" за кој сонуваја Хитлеровците, станаја гроб на милиони германски војници и големо гробиште на фашиската војна техника.

Советските партизани дадоја голема помошт на Црвената армија во борбата против германо-фашиските грабачи. Во течение на три години от бојот тие уништуваја позадината и непријателските штабови, рушеја неговите саобштенија и врски и без милост требеја фашиските орди. Советските партизани спасија многу хилјади советски граѓани от истребуване и одведуване во фашиско ропство.

За три години от војуване на советско-германскиот фронт изгинаја и беја заробени 7.8000.000 германци; беше запленето и уништено около 70.000 танкови, 60.000 авони и повеке от 90.000 топови. За истото време нашите трупи изгубија 5.300.000 луѓе (мртви, пленети и изгубени без глас), 49.000 танкови, 30.000 авиони и 48.000 топови.



Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)

На успехите на Црвената армија до голем степен помогнаја нашите сојузници Американските Соединени Држави и Велика Британија, што ни дадоја многу драгоцени стратегиски сировини и оражје и што систематски бомбардираја војните обекти на Германија и на тој начин подкопаја нејната војна мошт.

Така, Црвената армија разби во првиот период на татковинската војна Хитлеровите планови за брза војна, последниот период ја скрши и ја предодврати непријателската отбранбена стратегија и најпосле ги разби Германските планови за задржуване освоените советски територии. Германо-фашиската војска е биена и сега стои пред полно уништожение. Такова е резултатот от тригодишната татковинска војна.

Хитлеровските империалисти, кога ја започнаја војната против Советскиот сојуз, мислеја оти со првите војнички неуспехи на Црвената армија го подкопаја доверието на нашите народни маси во власта, мислеја оти посеја кавга меѓу советските народи, расклатиа сојузот на работниците, селјаните и интелигенцијата, на кои се темелеше советската држава. Но, на дело се покажа оти тешкотиите на војното време ги поврза работниците на советската позадина и уште појако ги соедини со нивната народна советска власт. Пријателството меѓу народите на Советскиот сојуз, во течение на татковинскиот бој се ојакна и се прекали како челик. Сојузот на работниците, селјаните и интелигенцијата, што се темелеше на животните интереси на трудбениците во советското друштво, уште повеке се оцврсти.

Германските изроди есапеја оти советската индустрија не ке биди способна да ги совлада тешките задачи на произведението за модерно оражје во масови размери, оти нашиот транспорт не ке биде способен да совлада воените задачи, а земледелието снабдуването на војската и на народот со животни намирници и индустриски сировини. Али тие планови на германските завоеватели пукнаја како меур от сапун. Во



Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)

три години на војната не се изцрпи привредата на Советкиот соіуз, него се изцрпи приведата на Хитлеровата Германија. Пораженијата што ги претрпеја Германците на советско-германскиот фронт и нападите на сојузната авиација подкопаја војно-економската снага на Германија. Во истото време индустрииата, саопштениіата и земледелието на советската земја со успех издржаја искушенијата на војната. Советскиот народ не ги штедеше своите снаги за отбраната на татковнината и полн е со решеност да ја брани советската држава, што іа подигна сам и да іа брани со своите гради от сите непријателски напади. Татковнинската војна подигна невиден патриотски полет на народите и направи непресушна градилачка енергиіа на народните маси и ја упати во помошт на Црвената армиіа. Денес, на прагот от четвртата година на војната, Советскиот соіус има снажна војна привреда што ги задоволјува нуждите на Црвената армиіа, во оражение, во муниција, во животните намирници и во спрема. Советските работници, колхозници и интелигенциіа ја ставиа народната привреда во служба на Советскиот сојуз, обезбедиіи на Црвената армија се што е потребно за победа. Пораната надмошт на непријателот во тенкови и авиациіа работа е на прошлоста, а привредните возможности но Советскиот сојуз раснат от ден на ден.

Така, советскиот народ ги поништи сите непријателски планови за лабавоста на советскиот строј. Советската држава заснувана е на неразрушима братска заедница на народите се ојакна и се оцврсти во течението на војната, а фашиската држава што беше заснувана на маченето на народите, не можеше да ги издржи воіните тешкотии и стои пред неизбежна катастрофа.

Таков е политичкиот резултат от поминатите три години на татковнинската воіна.

Пред три години Хитлеровците есапеја оти са господари на Европа. Со поробуването на западно-европските земіи, Гер-



Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)

манија ги вовлече во разбојнички сојуз Италија. Романија, Финландија, Маджарска и Бугарија. Правејќи и помагајќи своите агентури во неутралните држави Германија вршеше на нив јак притисок и извлекуваше от нив сериозни отстапки во своја полза. Хитлеровата Германија загрозваше животите и сигурноста на сите светски народи. Слободољубивите народи тогај почнаја да се соединуват во единствени антихитлеровски табор. Во соштност, нашата земја сама ги издржа сите напади на германската сила и нејзините помагачи.

Сега положението от основа се измени. Сега Хитлеровата Германија не е во офанзива и не постигнува успехи, како беше пред три години, веке наопако, поразените снаги на сојузените држави ги бијат и гонат германо-фашиските грабачи. Сојузените држави преминуват непријателот и во кватлитет и во квантитет на трупите и вораженние. Единството на сојузените држави днеска е поцврсто от секогаш. Сојузените држави имат согласни планови за полно уништожение на вораженените снаги на Хитлеровската Германија. Сјајно извршеното влегуване на британските и американските трупи во Северна Франција и успешната офанзива на сојузничките трупи во Италија значат оти отсега Германија ке мора да се бие на европејската територија, како против Црвената армија, така и против трупите на нашите сојузници — Англија и С. А. Д. Сега, кога заедничките усилија на Црвената армија и на сојузническите армии упатени непосредно на ослободуване земјите што ги поробија германците, кога трупите на соединените нации со железна рака фатија за гуша Хитлеровската Германија и нејзините вазали во Европа, Хитлеровската банда не можи повеке со никакви средства да спречи своето неизбежено и полно поражение. Сега на сите му е јасно оти Хитлеровците што не умеја да го покорат целиот свет се фатија за задачи, за кои немаја снаги. Фашиската Германија со тешките војнички поражениа се најде на границата на својата пропаст. Италија што беше сојузница на Германија се бори сега против герман-



Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)

ските империалисти. Злочиначката клика што владееше во Финландија, да би се сторила добра со Хитлера, одби ги големодушните мирни предложенија на Советскиот сојуз и во саштност веке доведе Финландија до воiничката катастрофа. Другите Хитлерови вазали — Руманиiа, Маджарска и Бугарија — овиснаiа над пропаста. Помагачите на фашиската Германиа во Европа имаiа доста време и сите нужни услови да проскинат со Германиiа и да ги извлечат своите земiи от пропаста и ратното опустошение. Но, помагачите Хитлеровски многу цврсто срасная со Хитлеровската банда и не мислат за садбината на своите народи. Хитлеровските слуги дотераiа до тамо работата да германските трупи ги окупираiа нивните земiи. Со цел да го одложат преносуването на боiот во германска земја, Германците ги преврнаја Финландиiа, Унгариiа, Руманиiа и Бугариiа во први положаи за отбрана на Германиiа. Али народите на овиiа земiи, на кои управниците се продадоiа на Хитлеровците имат сега возможност да, со помошта на вораженитe снаги на сојузените држави, ги истерат германските окупатори и нивните помагачи от своите земiи. Тој е единен пат да си извоiуват право на слобода.

Газдуването на Хитлеровците во Европа очигледно покажа, оти фашистите са давители на слободата и самостојателноста на народите. Во истото време воiските на соединените нации влегуват во Европа, како спасители на народите от Хитлеровската тираниiа и стапуват на земiите што ги мачат фашистите со цел да им поврнат слободата и самостојателноста на народите. Баш ради това народите што ги поробиiа Германците дават сега и ке дават во бадеште се поголема и поголема помошт на вораженитe снаги на сојузените нации.

Така, во течение на воiната наполно пропаднаiа сите надворешни политички есапи и планови на Хитлеровските грабачи — империалисти, Хитлеровскиот разбоiнички блок банкротира, а соiузот на слободолiубивите народи порасна во нескршима сила и има сега сите возможности да го уништи



Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје

разбојничкото седало на фашистичките нападачи во Европа, да ги казни виновниците за маките и трпенијата на народите и да спречи возможноста да се повторат империалистичките војни.

Таков е надворешно-политичкиот резултат от тригодишната војна.

Војничките и политички резултати на тригодишниот рат сосем очигледно кажуват за това, оти Хитлеровската Германија веке изгуби војната и оти се доближува часот на нејното полно уништожение. Армиите на СССР, Велика Британија и С. А. Д от сите страни си пробиваја со јуриш пат кон најважните животни центри на фашиска Германија и не е далеко сатот кога овие држави ке триумфуват. Сега војната оди кон крајот, преостаналиот пат до полната победа нема да биде лесен. Војната стапи во најжестока, одлучна и најтешка фаза. Избиена и от бркане изморената фашиска звер бесно ке каснува. Колко фронтот повеке се приближува до животните центри на Германија, Хитлеровскиот отпор ке биди по упорен. Ке требат уште неколко снажни удари, па непријателот наполно да се скрши и уништожи. Разумливо е оти овие задачи могат да се извршат само со заеднички одлучни операции на армиите от сите сојузени земји и со благовремено уведуване во активна борба на главните воражени снаги на соединените нации против Хитлеровската Германија и нејзините вазали.

Не треба да се самнева оти сојузните држави, кои си поставија како задача да го избават светот от фашиските грабачи, ке ги употребат во акција сите свой снаги за да ја постигнат таја голема цел.

*Совинформбиро*



Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје

# Текст на споразумот измеѓју национал- ниот комитет и владата на Д-р Шубашиќ

Националниот комитет на ослободувањето на Југославија и председателот на Кралската влада се споразумева во следното:

1. Кралската Југославјанска влада мора да биде составена од напредни, демократски елементи, који не са се компромитовали во борба против народно-ослободителното движение. Главната должност на таја влада би била организиране на помошта за народно-ослободителната војска, а исто така и на сите онија, који во понатамошната борба ке се борат и со истата решителност против заедничкиот непријател на нашата домовина — но под условие сите тија снаги да се обединат во еден народен фронт. Исто таква должност на таја влада ке биди грижата около прехраната на населението во Југославија и да се доведе во хармонија работата на представителството во иностранството со работата во меѓјусојузничките комисии со заштитата на нашите народни права, со нуждите на народот и народно-ослободителната борба во земјата.

2. Националниот комитет на ослободувањето на Југославија и кралската влада на г. д-р Шубашиќ ке определат органи, који ке координират сотрудничеството во борбата против непријателот и да облекчат што поскорото создаване на единствено представителство на државата.

3. Националниот комитет на ослободувањето на Југославија смета, оти во овај момент не е потребно да се изнесува и да се заострува вопрос за кралот и монархијата, оти тој



Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски" Скопје

вопрос денеска не преставјува пречка за сотрудничество мегју Националниот комитет на ослободувањето на Југославија и владата на г. Д-р Шубашић, бидејки и од двете страни са согласни оти дефинитивното решение за државната уредба ке го донесе самиот народ по ослободувањето на целата земја.

4. Владата на г. Д-р Шубашић ке издаде декларација во која:

а) Ке признае националните и демократските придобивки, извојувани од народите во Југославија во течение на нивната тригодишна борба, со кои придобивки са ударени темелите за демократската и федеративна уредба на нашата државна заедница; прокарано привремено управление на земјата со помошта на организациите на Антифашистичко веће на народното ослободување на Југославија и Националниот комитет — како негов исполнителен орган.

б) Ке даде полно признание на борбените народни снаги, организирани во Народно-ослободителната војска, под команда на маршалот на Југославија Јосип Броз-Тито; и ке осуди сите народни издајници, кои отворено или тајно са сотрудничили со непријателот;

в) Ке упати позив до целиот народ да се обединат сите борбени снаги со Народно-ослободителната војска во еден единствен фронт.

Од своја страна пак, Маршал Јосип Броз-Тито, како претседател на Националниот комитет на ослободувањето на Југославија ке даде изјава за сотрудничеството си со владата на г. Др Шубашић во која наново ке нагласи оти Националниот комитет додека трае војната нема да го подигнува вопросот за дефинитивната уредба на државата.

Содржанието на овај споразум ке се објави, кога г. Др Шубашић ке образува влада.

На слободната територија во Југосливија — 16. VI. 1944 г.

Председател
на Кралската Југославіанска влада
*д-р. Иван Шубашић*

За Национални комитет на
ослободуването на Југославиіа
Председател, Маршал на Југославиіа
*Јосип Броз-Тито*

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски" Скопје

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека за Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“- Скопје

Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)

тиво стихове од периодот на НОВ
бр. 5-6 во рекес ќе се најдени

Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје